# Твининг проект: „Зајакнување на среднорочно буџетирање за ефективно управување со јавните финансии"

## ***Подготовка на кохерентна програмска структура на буџетот на Република Македонија***

За време на летниот период беше финализирана новата програмска буџетска класификација (по политики, програми, потпрограми) за државниот буџет.

Во текот на јуни и јули, г-ѓа Катја Лаутар и г-ѓа Јана Пољак од Словенија работеа на финализирање на последните неколку политики, како на пример на политиките: Институциии на демократскиот политички систем, интеграција и граѓанско општество; Економија, конкурентност и претприемништво; Образование, наука и спорт; Надворешни работи и внатрешна кохезија. За таа цел беа одржани консултативни средби со повеќе буџетски корисници, за време на кои се разгледуваа политиките и се даваа повратни информации од страна на буџетските корисници.

Кон крајот на август, г-ѓа Лаутар повторно престојуваше во Скопје, со цел уште еднаш да ги проверисите политики, за да се осигура дека истите се кохерентни и хармонизирани (особено внимание беше посветено на политиките: Институции на демократскиот политички систем, интеграција и граѓанското општество; Правосудство; Здравство; и Економија, конкурентност и претприемништвото). За да се направи хармонизирање и за да се сумираат политиките во новата класификација користен е ексел образец, којшто беше изработен и пополнуван за време на летниот период. Оваа ексел-датотека ги содржи и сите податоци за ефикасноста (нацрт цели и индикатори) за новата програмска буџетска структура.

## ***Прирачник за реформата за програмско буџетирање***

На крајот на јуни, г-ѓа Моника Гепл од Австрија ја продолжи работата на Прирачникот за програмско буџетирање. Притоа беа изготвени и ажурирани документи и анекси на Прирачникот, според коментарите добиени од Секторот за буџет и фондови и постојаниот советник за Твининг проектот. Во Анекс 2, на Прирачникот, беше дефинирана индикативна листа на политики, програми и потпрограми, додека во Анекс 3 беше дадена индикативна листа на буџетски корисници за секоја политика. Понатаму, беше надополнет и предлогот за содржината на новиот Буџет. Дополнително, за Секторот за буџет и фондови (СБФ) беше подготвен и образец за прибирање на податоци за успешност (ексел-фајл кој содржи повеќе нивоа и поднивоа) и ексел образец како преодна табела од старите кон новите потпрограми.



*Финализирање на прирачникот за програмско буџетирање г.Моника Гепк, Австрија*

Во август г-ѓа Katja Лаутар ги даде последните коментари во врска со Прирачникот за програмско буџетирање, пред истиот да биде преведен, објавен и отпечатен на почетокот од септември. Прирачникот е достапен за преземање од веб-страницата на Министерството за финансии.

## ***Поддршка за извештаите за трошење***

Во јули г-дин Јорг Штајнер и г-дин Филип Ото од Австрија работеа на анализа на најзастапените тековни извештаи за следење на трошењето / извршувањето на буџетот, кои ги изготвува Секторот трезор, користејќи ги информатичките системи на Трезорот, а кои се користат од страна на Трезорот, другите сектори на Министерството за финансии или јавноста. Тие, исто така, работеа на изнаоѓање на начини да се подобри ефикасноста на извештаите за буџетот и за трошењето, преку намалување на обемот на мануелна работа при известувањето. Во рамките на нивната посета беше спроведена општа обука заVBA (Visual Basic за апликации - ексел макроа).

ЕкспертотОли Ахонен од Финска,во август, продолжи да работи со извештаите за трошење. Неговата работа се фокусираше на разработување на идеи за извештаите за трошење и успешност, со цел да се оцени и следи ефикасноста на јавната потрошувачка (на пример, преку политики/програми/ потпрограми). Ова вклучуваше и анализа на реформата за програмско буџетирање и на податоците за успешност што се собираат како дел од оваа нова програмска буџетска рамка. Дел од работата се се однесуваше на интерните извештаи, иако работата главно се фокусираше на извештаите за јавноста кои се објавуваат на веб-страницата на Министерството и во разни буџетски документи со цел да се подобри ревизорската трага и да се зголеми транспарентноста за трошењето на јавните средства.

Беше финализиран документот "Извештаи за трошење како алатка за управување со ефикасноста". Во него е вклучена анализа на експертите за моменталната состојба и најчестите видови на извештаи за трошење и извршување на буџетот. Исто така, дадени се  и повеќе идеи за иден развој (вклучувајќи табели со примери и извештаи за податоци за буџетот и за известувањето во врска сотрошење/следењето на буџетот). Главна цел во овој документ е да се дадат идеи кои може да се спроведат на среден рок, а кои се поврзани со други реформи (реформа за среднорочно буџетирање, реформа за програмско буџетирање).

## ***Нов закон за буџети***

На крајот на јуни, г-дин Јоко Нарика од Финска работеше на изготвување на нов Предлог Закон за буџети. За време на неговата посета се одржаа средби со експертите на Министерството за финансии при што беа разгледани и разјаснети одредени предлог членови, кои претходно се сметаа за проблематични. Се разгледуваа разни опции за формулирање на членовите и за спроведување на измените. Фокус беше ставен на вклучување на членовиво Предлог законот за буџети кои се однесуваат на Фискалниот совет. Во овој дел многу елементи ги следат законите на словенечкиот фискален совет. Состаноците што се одржаа со експертите од Министерството за финансии беа многу важни за да се добијат повеќе информации во врска со актуелните буџетски прашања и практики во Македонија и да се осигура дека предлозите од експертот се рационални и издржани.



*Г.Јоко Нарика, изготвување на нов Предлог Закон за буџети*

Работата на Законот за буџети продолжи и во текот на летниот период кога Предлогот беше испратен до сите релевантни сектори во рамките на Министерството за финансии за коментари.

Кон крајот од август, за време на експертската посета на г-ѓа Катја Лаутер повторно беше искористена  можноста да се преиспита новиот Предлог закон за буџети и да се дадат коментари врз основа на искуството во Словенија.

Следен чекор е да се испрати Прелог законот за буџети до Кабинетот на министерот за коментари пред финализирањето на истиот.

## *ИТ подобрувања*

Во јуни, г. Лаури Репо и г. Јуха Иланмаа од Финска продолжија работат на надградување на ИТ-системот за плата / човечки ресурси на Секторот за буџет и фондови (СБФ). Оваа Access апликација се користи за контрола на платите, а главната цел беше да се ажурира системот на начин што ќе биде поефикасен и ќе обезбеди податоци за буџетските проекции.



*Надградување на ИТ системот за плата / човечки ресурси на Секторот за буџет и фондови*

За време на мисијата, Access апликацијата беше дополнително подобрена за да ја зголеми својата стабилност и да ги задоволи новите потреби за содржината на податоците. Освен тоа, експертите изготвија и упатства за новите функциизa СБФ.

Во Access апликацијата беа направени промени кои се однесуваа на месечните податоци (F1 образец), на пример, за подобро усогласување со новото законодавство и Каталогот на работни места на МИОА. Понатаму, за да се забрза процесот на правење на проценки и проекции и да се олесни мониторингот на буџетот, експертите направија новаAccess апликација за годишни податоци која ги собра сите податоци за месечни плати од Access апликацијата за месечни плати и прави нови извештаи и одредени проекции директно од податоците што ги содржи. Исто така, беше тестирана и употребата на податоците од месечните корекции на индивидуално ниво. Сепак, за може да се употребува новата Access апликација за годишни податоци, СБФ мора да започне со собирање на месечните податоци за корекција на плати од буџетските корисници на индивидуално ниво со Ф1 образецот. Од друга страна, за да почне да се применуваат новите промени во образецот Ф1(вклучувајќи ги и кодовите за работни места на МИОА) СБФ мора целосно да го стави во употреба новиот образец. Овие теми беа предмет на дискусија на прелиминарниот состанок на пилот-мрежата на буџетски корисници, кој се оджа на 5 јуни. Сепак на оваа полепотребно е соработката и понатаму да продолжи.



*Надградување на ИТ системот за плата / човечки ресурси на Секторот за буџет и фондови*

Според препораките на експертите новата Access апликација треба да почне веднаш да се користи, додека новиот образец Ф1 да почне да се користи од октомври.

Освен ова, експертите дадоа и подолгорочни препораки за унапредување и за хармонизирање на базите на податоци за човечки ресурси и информатичките решенија во земјата.

За време на летниот период во голема мера се работеше и на дефинирање на потребите за податоци за повеќегодишни преземени обврски и неизмирени обврски. Откако беа утврдени потребите и условите за прибирање на овие податоци, беше избран и понудувач, кој ќе работи на развивање на нов модул кој ќе биде компатибилен со апликацијата Е-буџет на СБФ, а ќе служи за евидентирање на обврските на буџетските корисници и другите институции на општата влада.

Покрај тоа, во август краткорочна мисија имаше и г. Гамилшег за време на која беа презентирани идеи за техничката спецификација за новиот интегриран ИТ софтвер / софтвер "иден Е-буџет", во областа на среднорочното планирање на буџетот, новото програмско планирање на буџетот и новите обрасци за користење. Главен фокус беше ставен на можностите за развој во областа на програмското буџетирање. Идеата е дека еден ден, кога ќе се реализираат новите буџетски реформи и ќе се развие новиот софтвер, техничката спецификација ќе биде многу корисна алатка за СБФ на Министерството за финансии.

## ***ESA2010***

Во јули, г-ѓа Анина Аутеро и г-ѓа Ниина Сутаринен од Финска работеа на подготовка на "Прирачник за државна финансиска статистика по ЕСА2010" на англиски јазик. Брошурата ги содржи клучните прашања од сите претходни обуки во ESA2010 GFS. Целната група на брошурата се лицата кои учествуваа на обуките и активностите организирани од Проектот и други државни службеници кои работат на оваа проблематика. Брошурата ќе најде подоцнежна примена во Министерството за финансии кога во иднина статистичките податоци за јавните финансии според ESA2010 ќе бидат објавувани од страна на ДЗС и кога Министерството за финансии ќе почне да известува и да прави проекции според методологијата на GFS за ESA2010. Исто така, брошурата вклучува примероци на фискални извештаи подготвени во согласност со стандардите и барањата на ЕУ од областа на јавните финансии. Брошурата беше испечатена и доставена до учесниците на обуката, а исто така беше објавена и на веб-страницата на Министерството за финансии.




*ESA2010*

Во јули, беа организирани две работилници за обука за учесници од Министерството за финансии (Секторот за буџет и фондови, Сектор трезор, Сектор за меѓународни односи и управување со јавен долг, Сектор за макроекономска политика); Државниот завод за статистика и Народната банка на Република Македонија. Првата обука беше организирана на 12 јули 2017 година (за 10 учесници). Обуката даде вовед во прашалниците за процедурата за прекумерен буџетски дефицит (кои се и зошто постојат) и за владините гаранции. Втората обука беше организирана на 13 јули 2017 година (за 9 учесници) и ги опфати темите јавно-приватни партнерства и известување за потенцијални обврски (Директива 2011/85 / ЕУ).

## ***Работа на Управниот комитет***

Работата на Управниот комитет продолжи како што беше планирано. На 15 јуни 2017 година се одржа 6тиот состанок на Управниот комитет. Членовите на Управниот комитет имаа можност да разговараат за проектните активности спроведени за време на пролетниот период и планираните активности за наредните 6 месеци од имплементацијата на проектот. Управниот комитет заклучи дека постои добра секојдневна соработка, активностите се спроведуваат во согласност со работниот план и видлив е напредок во сите области на проектот.



*Состанок на Управниот комитет*

Проектот е финансиран од Европската Унија

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. За содржината на истата е одговорен Твининг проектот MK11 IB FI 01 и истата на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.